**Сега промотивна реч за книгата ќе има професор доктор Ана Димишковска од Филозофскиот факултет. Повелете професорке.**

Благодарам.

Почитувани присутни,

Дозволете ми на почетокот да го изразам, да го споделам своето чувство на голема благодарност поради честа што ми е укажана со поканата да бидам промотор на ова несекојдневно и оригинално издание - на книгата „Пет есеи“ од Милчо Манчевски, со предговор на професор доктор Иван Џепароски, во издание на Филозофското друштво на Македонија, како трета книга од едицијата „Филмософија“.

При тоа морам да признаам дека уште не сум на чисто, односно не ми е сосем јасно дали фактот што овој вечерашен настан се одигрува во еден исто така несекојдневен и невообичаен простор, со име „Лабораториум“, е коинциденција или е дел од режисерскиот мастер план. Имено, самото значење на овој збор „лабораториум“, односно лабораторија или во превод работилница, ми се чини дека е во суштински дослух со самата содржина на оваа книга, затоа што лабораторијата, нели, обично ја асоцираме, ја замислуваме како еден заткулисен, тајновит, скриен простор каде што се одвиваат оние суптилни процеси на создавање, на креирање; просторот каде што течат крвта, потта и солзите на творецот, коишто потоа се дестилираат во оние опипливи вредности коишто засјајуваат, прозрачуваат, како резултат од твој творечки процес.

Читајќи ја оваа книга, имав впечаток дека во неа авторот Милчо Манчевски, којшто е за сите нас познат како автор со врвни, светски признаени и препознаени филмски остварувања, и во други медиумски жанрови што се допираат со филмот, вусшност ни овозможува да доживееме едно сосема поинакво искуство, искуство што е различно од гледањето и доживувањето на неговите филмови, меѓутоа коешто е суштински комплементарно со нив. Имено, како што реков, ми се чини дека тој со овие есеи ни ја подотвора, на еден така љубезен, колегијален и великодушен и другарски начин, вратата од таа своја уметничка, творечка, интелектуална лабораторија и ни овозможува да ѕирнеме во тие алхемиски процеси во коишто цела една лепеза на творечки супстанции така се интегрираат, така се амалгамираат, што постојано го имате оној впечаток, она чувство на ризичноста и непредвидливоста на творечкиот процес, во којшто во секој момент со подеднаква веројатност може да настане деструктивна експлозија - или самодеструктивна - или може да го пронајдете каменот на мудроста.

Во таа смисла, ми се чини дека она што и во предговорот на самата книга го истакнува професор доктор Иван Џепароски, дека станува збор за една оригинална структура на „три во едно“, или на една формула во којашто се обединуваат не само сценаристичкото и режисерското, туку и книжевно-есеистичкото искуство, навистина ја доловува суштината на оваа книга, бидејќи низ неа всушност Милчо Манчевски на дело ни покажува како пулсира таа сложена интеракција помеѓу филозофските идеи, естетичките принципи, личното искуство, личниот сензибилитет, и големите знаења, големата занаетска - и теориска и практична - вештина. Се разбира, како што ќе видат читателите на оваа книга,

или како што веќе имаат видено оние што веќе ја имаат прочитано, таа релација е напати динамична, напната, далеку од мазна и хармонична, меѓутоа дотолку повредни и повозбудливи се нејзините резултати.

Исто така, би сакала да го споделам и фактот дека читајќи ја оваа книга постојано на ум имав една метафора којашто не произлегува ниту од филмската, ниту од филозофската сфера, туку, така да кажам, од градежничката сфера, односно онаа метафора на копање тунел од две различни страни, под еден грамаден масив кога треба да се пробие тунел, за којшто две екипи тргнуваат од различни страни, меѓутоа се сретнуваат некаде на половината и во идеална ситуација, во оптимална ситуација, се поклопуваат. Сега, мене ми се чини дека на овој наш вечерашен настан, а и во самата конструкција на книгата, всушност филмската и филозофската екипа тргнуваат од две различни страни, меѓутоа се пресекуваат некаде на средината, под тој грамаден масив на човечкото егзистенцијално искуство, и токму тоа ја дава вредноста на оваа филмософска перспектива.

Така што, копајќи од сопствената страна на тунелот, односно од филозофската димензија, јас би сакала накусо да се осврнам само на еден многу мал дел, значи многу мал спектар на одредени аспекти и идеи од оваа книга, коишто барем за мене беа особено стимулативни и коишто имаа најинтензивна филозофска резонанција.

Првиот аспект со којшто би сакала да започнам се однесува на самата структура, на самите структурни и стилски белези на есеите. Имено, овие есеи се исклучително тематски хетерогени. Значи, во нив ќе видите дека секој од нив третира специфична проблематика, било да се однесува на односот на уметноста и општеството, со посебен фокус врз насилството и неговиот третман, било да се однесува на односот на партикуларното и универзалното во уметноста, или на тоа како да се создава една тотална уметност, било да станува збор за односот на сценаристичката и режисерската димензија во создавањето на делото, било да станува збор за односот помеѓу теориските и практичните димензии на творечката дејност, и уште многу други хетерогени прашања.

Меѓутоа книгата не е помалку хетерогена и од стилски аспект. Значи, читајќи ја неа ќе видите дека буквално имате чувство како постојано да се менува регистарот и тонот на таа, така да кажам, книжевно-филмософска комуникација. Имено, некои есеи се напишани во строгиот стил којшто асоцира на „Логичко-филозофскиот трактат“ на Лудвиг Витгенштајн (првиот есеј). Некои од нив наликуваат на некој научно-есеистички пристап, значи на некоја творба напишана во научно-филозофски есеистички стил, особено од естетичка провениенција, додека некои личат на обичен другарски маалски муабет, така да се каже, во којшто во необврзан разговор се соопштуваат некои лични режисерски, сценаристички искуства.

Е сега, меѓутоа, низ сета таа хетерогеност пробива едно единство од друг вид. Мислам дека умешноста на Милчо Манчевски како есеист е во тоа што тој низ целата таа хетерогеност успева да создаде една целина од повисок ред, една метацелина за којашто не знаете како функционира како единство, меѓутоа длабински го чувствувате тоа. И ми се чини дека со таа своја димензија на есеистичката дејност Милчо Манчевски всушност, да употребам еден од неговите термини, го „рифува“ на некој начин и своето филмско

искуство, значи пристапот на своето филмско творештво, затоа што како што знаат сите познавачи и љубители на неговото дело, меѓу коишто безрезервно се вклучувам и себеси, во многу од неговите филмови ние ја имаме истата таа наративна структура. Тоа е структура којашто е составена од различни, навидум неповрзани елементи, од сосема хетерогени приказни, стилски, режисерски постапки, коишто на некој начин сепак се обединуваат на едно повисоко ниво и, просто, го скокоткаат умот на гледачот да ги извлече тие заеднички нишки што ги поврзуваат различните елементи и да ја создаде, или да ја пресоздаде таа целина којашто, на некој начин се создава во интеракцијата помеѓу уметникот и реципиентот на неговото дело.

Исто така, друга димензија - којашто е зафатена и во самиот предговор - на оваа режисерска, мислам, книжевна постапка на Милчо Манчевски, е и тоа што таа е постојано во еден интермедијален и интертекстуален дијалог со многу други филмови, книги, културолошки парадигми, коишто не се на површината, туку се скриени некаде во внатрешноста. Во таа смисла, идејата дека овие есеи се лежерни, пријатни за читање - таа е навистина издржана и тој впечаток е валиден, меѓутоа ако прочепкате малку под површината ќе видите дека таму се, на некој начин имплицитно пристуни, некои од најголемите, најсериозните филозофско-естетички прашања, коишто низ историјата на овие дисциплини се имаат развиено.

Сега, со оглед на тоа дека времето за нашата промоција е крајно ограничено и дека сите сме нестрпливи, нели, да се дружиме со филмското дело на Милчо Манчевски, јас би сакала - со краен напор на волјата - да се фокусирам само врз неколку идеи коишто мене ми се чинат особено релевантни и коишто ја поврзуваат филмската со филозофската димензија на неговото дело. И тоа се три клучна збора коишто, на некој начин, постојано се јавуваат во есеите на различен начин и во различни контексти, а тоа се концептите, односно клучните зборови на *приказната*, *вистината* и *довербата*.

Што се однесува до концептот на приказната, неколку пати, во повеќе свои есеи, Милчо Манчевски ја повторува таа идеја дека според него вистинскиот столб на добриот филм е приказната, не неговиот заплет, туку приказната, и дека и режисерот и сценаристот, секој на свој начин придонесуваат кон тоа филмот да ја реализира таа своја мисија, да раскаже на оптимален начин една вредна и квалитетна приказна. Сега јас велам - од режисерско-сценаристички аспект не можам, нели, да ја развијам таа идеја зашто не е во мојот домен, меѓутоа од една филозофска гледна точка, и од гледна точка на реципиент на ова филмско дело просто не можам доволно да ја нагласам оваа идеја, односно идејата дека навистина, како што вели Милчо Манчевски, изгледа сме ние така фабрички направени што приказните ни се суштински неопходни за нашиот опстанок и за осмислувањето на нашата егзистенција. Мислам дека е тоа една идеја којашто целата филозофска дејност, не само антропологијата, не само книжевното или другите форми на творештво, ја потврдуваат и многу ми е мило што е таа на таков начин воочена и развиена во делото на Милчо Манчевски.

Таа улога на приказната како некоја алатка којашто ја надминува онаа егзистенцијална јанѕа и којашто е поврзана со давањето смисла и цел на нашата егзистенција, со

поврзувањето на нашите индивидуални човечки искуства, преку нишките на емпатијата, на заемното разбирање, е на некој начин идеја што е многу присутна и во современата филозофска дејност. На пример, еден од најистакнатите претставници на аналитичката парадигма во современата филозофија, Даниел Денет (Daniel Dennett), дури и самиот концепт на „self“, односно на себство, ќе го дефинира како центар на наративна гравитација (a center of narrative gravity), односно ќе покаже всушност дека идејата на приказната е вткаена во самото наше чувство на личност, или било на индивидуално, било на колективно себство.

И тука, во овој контекст, би сакала да споменам една идеја којашто ја има формулирано Милчо, меѓутоа под којашто со две раце и јас би се потпишала, бидејќи дава една многу интересна визија за тоа како се поврзани два сегмента од интелектуалното и духовното творештво, што обично ги сметаме за опозитни, односно рационалното и интуитивното. Имено, неговата сугестија е дека во добрите, квалитетни приказни е содржан еден специфичен вид длабинска рационалност, којашто кога ги слушаме и кога ги доживуваме тие приказни се интернализира, значи влегува на едно длабинско ниво во нас, и кога доволно ќе се интернализира, самата се пројавува како интуиција. Така што таа врска помеѓу нив, односно статусот на интуицијата како еден вид на длабоко интернализирано рационално искуство, длабоко повнатрешнето и впиено преку културните обрасци, матрици на приказните, мислам дека е нешто многу вредно и квалитетно и за него заслужува да се расправа, односно оваа идеја многу подлабински да се развие.

Втората идеја што ја споменав е идејата на вистината, особено нејзиниот однос со фикцијата. Тие што имаат макар и мало познавање од историјата на филозофијата знаат колку вистината е еден комплексен, сложен, хетероген концепт, што нема централна улога само во логиката и епистемологијата, туку и во естетиката, антропологијата, аксиологијата и другите филозофски гранки. И пак тука со една извонредна суптилност и оригиналност Милчо Манчевски ја варира таа тема за односот на вистината и фикцијата и воспоставува една многу суптилна дистинкција, што можеби личи на онаа хегеловската дистинкција - Хегеловото споменување на категориите на умното (vernünftig) и стварното (wirklich). Така што, тој (Милчо) вели дека има разлика помеѓу она што фактички се случило, односно фактичката димензија на настаните и вистината на тие настани, како сфаќање на *она како стојат работите во суштина*, која е емоционалната и концептуалната срж на нештата и дека, всушност, уметникот е во потрагата по ова второ рамниште, по онаа емоционална и концептуална срж на нештата којашто не кореспондира еден на еден со фактичката димензија на настаните, туку претставува една посебна, така да кажам, филозофска и уметничка категорија.

Третиот елемент што би сакала да го споменам, односно третата идеја, е идејата на вербата и довербата. Тоа, вака лично да речам, исклучително ми остави впечаток што сакам да го споделам со вас. Идејата дека во создавањето на уметноста и во нејзиното доживување и прифаќање клучна врска помеѓу уметникот и реципиентот е вербата. Кога уметникот пристапува со верба кон своето дело, и кога реципиентот, гледачот или читателот исто така пристапува со верба кон она што го создал уметникот, тука всушност се ткае еден посебен вид врска на заемно изложување, и на една заемна ранливост, во којашто и од страната на

творецот и од страната на реципиентот се изложуваме на тоа да бидеме длабински човечки допрени, а таа врска, значи таа заемна верба која се создава, меѓу другото, на начинот на кој уметникот создава, така барем смета Милчо Манчевски, а и јас апсолутно се согласувам со тоа, е примарната верност. Значи, примарната лојалност нему не му е ниту кон публиката, ниту кон самиот себеси, туку кон делото што го создава. Верноста кон делото и создавањето на еден вид, како што вели тој, речиси љубовен однос, значи однос на вљубување, во којшто човек ја екстернализира својата суштина во материјалниот свет преку нешто што го смета за витално важно, суштински за себеси и за другите, а квалитетот на тој однос е она што го прави вистинското уметничко дело и што ја сочинува уметничката автономија, еден вид на негова еманципираност од сите надворешни фактори што го сочинуваат тоа дело.

За крај, би сакала да кажам дека читањето на оваа книга за мене, ме натера, како да кажам, малку подлабоко да ги фатам и да ги обмислам подлабоките слоеви на категоријата на успехот, затоа што ако е некој светски успешен режисер од нашево поднебје, којшто е верификуван, којшто е ценет,  почитуван, чиешто дело е истражувано во светски рамки, тоа е секако Милчо Манчевски. Меѓутоа, ако внимателно ја читаме неговата книга, ќе видиме дека критериумот за успешност и за успех, што така пробива, што прозрачува од неговите есеи, не се идентификува со овој надворешен елемент, туку се идентификува со задоволувањето на еден друг внатрешен критериум, а тоа е оној критериум на верноста кон себеси и кон своето дело. Значи, вистинскиот успех, колку што јас ја разбирам пораката што ја праќаат овие есеи, е тоа да се остане во тој чесен и искрен однос кон делото што се создава како една врска помеѓу себеси и другите, себеси и светот, и дека кога така се постапува, со тој степен на посветеност и искреност, дека тоа е вистинскиот внатрешен успех. А, тоа дали надворешниот успех ќе дојде, тоа веќе уметникот на некој начин, во суштина и не го засега. Но, за среќа, најверојатно, кога се постапува така, некако тој внатрешен квалитет прозрачува и во надворешниот свет, како што тоа го покажува случајот на Милчо Манчевски.

Меѓутоа, мене ми се чини дека дури и кога тоа не би било така, значи дури и кога средината и времето во коешто живее еден таков уметник не би го препознале тој квалитет, дека еден уметник од форматот и со етосот на Милчо Манчевски воопшто не би бил загрижен за тоа и воопшто не би бил фрустриран, туку со една хегеловска сувереност, би рекол „дотолку полошо за средината“, до толку полошо за времето коешто не го препознава тој квалитет и би продолжил и понатаму чесно, искрено и бескомпромисно да го следи својот пат и да го негува тој искрен, продуктивен, и како што реков, во извесна смисла љубовен однос кон своето дело.

Му благодарам нему и ви благодарам вам.